Смрт на фашизмот — слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ“-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Среда, 2 јули 1958
Број 22 Година XIV

Претплатата за 1958 год. изнесува 1.000 дин. Овој број чини 50 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**156.**

На основа член 80 став 4 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија,

Народното собрание на Народна Република Македонија на основа претресот по Извештајот на Извршниот совет за работата во 1957 година, на Втората заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите одржана на 6 и 7 јуни 1958 година, донесе

### РЕЗОЛУЦИЈА
### ЗА ИЗВЕШТАЈОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ ЗА РАБОТАТА ВО 1957 ГОДИНА

Народното собрание на Народна Република Македонија го усвојува Извештајот на Извршниот совет за работата во 1957 година.

Бр. 6
7 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

---

**157.**

На основа член 75 став 3 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија,

Народното собрание на Народна Република Македонија на Втората заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите одржана на 6 и 7 јуни 1958 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се потврдува Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет ИС бр. 110 од 7 мај 1958 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Број 2
7 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

---

**158.**

На основа член 49 став 2 во врска со член 50 став 1 од Законот за судовите, Народното собрание на Народна Република Македонија на Втората заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите одржана на 6 и 7 јуни 1958 година донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За судија на Врховниот суд на Народна Република Македонија се избира Кантарџиски Димо, досегашен државен секретар на правосудна управа.

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на НРМ“.

Број 5
7 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

---

**159.**

На основа член 40 став 2 и 4 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор одржана на 6 јуни 1958 година и на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ, ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА УГОСТИТЕЛСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I Во Собранието на Угостителската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат 14 претставници и тоа:

1. пет од Народното собрание;
2. тројца од Извршниот совет;
3. по еден од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија, Туристичкиот сојуз на Македонија, Претпријатието за туристички и сообраќајни услуги „Путник-Македонија", Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија — Главен одбор за Македонија и Советот за просвета на НРМ.

II. Во Управниот одбор на Угостителската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат 5 претставници и тоа:

1. еден од Народното собрание;
2. еден од Извршниот совет;
3. еден од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија;
4. еден од Туристичкиот сојуз на Македонија; и
5. еден од Претпријатието за туристички и сообраќајни услуги „Путник-Македонија".

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 7
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

| Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски,** с. р. | За Претседател на Републичкиот собор Претседавач, **Димче Зографски** с. р. |
|---|---|

160.

На основа член 40 став 2 и 4 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор одржана на 6 јуни 1958 година и на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ, ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Собранието на Земјоделско-шумарската комора ќе учествуваат 32 претставника и тоа:

1. девет од Народното собрание;
2. пет од Извршниот совет;
3. шест од Главниот задружен сојуз;
4. по двајца од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија и Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје;
5. по еден од Советот за просвета на НРМ, Друштвото на агрономите и земјоделските техничари на НРМ, Друштвото на инженерите и шумарските техничари на НРМ, Друштвото на ветеринарните лекари на НРМ, Сојузот на задружните штедилници на НРМ, Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ, Инвестиционата банка на ФНРЈ — Централа за НРМ и Сојузот на водните заедници на НРМ.

II. Во Управниот одбор на Земјоделско-шумарската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат девет претставници и тоа:

1. двајца од Народното собрание;
2. еден од Извршниот совет;
3. по еден од Главниот задружен сојуз на НРМ, Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија; Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје; Друштвото на агрономите и земјоделските техничари на НРМ, Друштвото на инженерите и шумарските техничари на НРМ и Друштвото на ветеринарните лекари на НРМ.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 8
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

| Претседател на Соборот на производителите, **Борко Темелковски,** с. р. | За Претседател на Републичкиот собор Претседавач, **Димче Зографски** с. р. |
|---|---|

161.

На основа член 40 став 2 и 4 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор одржана на 6 јуни 1958 година и на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ, ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Собранието на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат 26 претставници и тоа:

1. осум од Народното собрание;

2. шест од Извршниот совет;

3. четири од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија;

4. по тројца од Инвестиционата банка на ФНРЈ — Централа за Македонија и Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ; и

5. двајца од Здружението на наставниците на стручните школи.

II. Во Управниот одбор на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат шест претставници и тоа:

1. еден од Народното собрание;

2. еден од Извршниот совет;

3. еден од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија;

4. еден од Инвестиционата банка на ФНРЈ — Централа за НРМ;

5. еден од Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ; и

6. еден од Здружението на наставниците на стручните школи.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 9
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател
на Соборт на
производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

за Претседател
на Републичкиот собор
Претседавач,
**Димче Зографски,** с. р.

## 162.

На основа член 40 став 2 и 4 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор одржана на 6 јуни 1958 година и на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ, ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ТРГОВСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Собранието на Трговската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат 18 претставници и тоа:

1. шест од Народното собрание;

2. тројца од Извршниот совет;

3. по двајца од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија, Главниот задружен сојуз на НРМ и Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ;

4. по еден од Југобанка — Филијала за НРМ, Економскиот факултет во Скопје и Здружението на економистите на НРМ.

II. Во Управниот одбор на Трговската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат шест претставници и тоа:

1. двајца од Народното собрание;

2. еден од Извршниот совет;

3. по еден од Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија, Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ и Главниот задружен сојуз на НРМ.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 10
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател
на Соборот на
производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

За Претседател
на Републичкиот собор
Претседавач,
**Димче Зографски** с. р.

## 163.

На основа член 42 став 1 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија во врска со член 88 став 3 и член 39 став 2 од Законот за адвокатурата,

Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор, одржана на 6 јуни 1958 година, ја донесе следната

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБИРАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА ВО СКОПЈЕ

I. Се разрешува од должноста член на Советот на Адвокатската комора во Скопје Левков Благој, државен секретар за правосудна управа.

II. Се избира за член на Советот на Адвокатската комора во Скопје Корабар Перо, народен пратеник на Народното собрание.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Број 1
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За Претседател
на Републичкиот собор,
Претседавач,
**Димче Зографски,** с. р.

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

164.

На основа член 42 став 1 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија и член 120 став 1 и 2 од Законот за Универзитетот во Скопје,

Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор, одржана на 6 јуни 1958 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБИРАЊЕ ЧЛЕН НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СОВЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ**

I. Се разрешува од должноста член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје Црвенковски Крсте, член на Сојузниот извршен совет.

II. За член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје се избира Хаџи Василев Мито, член на Извршниот совет.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на НРМ".

Број 3
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За Претседател на Републичкиот собор
Претседавач,
**Димче Зографски**, с. р.

Претседател на Народното собрание,
**Лазар Колишевски**, с. р.

165.

На основа член 42 став 1 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија и член 144 став 1 и 2 од Законот за Универзитетот во Скопје.

Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Републичкиот собор, одржана на 6 јуни 1958 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБИРАЊЕ ЧЛЕН НА ФАКУЛТЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ**

I. Се разрешува од должноста член на Факултетскиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет на Универзитетот во Скопје Џунов Ристо, член на Извршниот совет.

II. За член на Факултетскиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет на Универзитетот во Скопје се избира Митевски Методи, член на Извршниот совет.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на НРМ".

Број 4
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За Претседател на Републичкиот собор
Претседавач,
**Димче Зографски**, с. р.

Претседател на Народното собрание,
**Лазар Колишевски**, с. р.

166.

На основа член 38 став 2 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ ШТО ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ВО СОБРАНИЕТО И ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА УГОСТИТЕЛСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Собранието на Угостителската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:

1. Герасимовски Гере
2. Петровски Томо
3. Наумовски Крсте
4. Каранакова Анка
5. Блажевски Мире, народни пратеници.

II. Во Собранието и во Управниот одбор на Угостителската комора на Народна Република Македонија ќе учествува како претставник на Соборот на производителите на Народното собрание Блажевски Мире.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 13
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател на Народното собрание,
**Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Соборот на производителите,
**Борко Темелковски**, с. р.

**167.**

На основа член 38 став 2 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ ШТО ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ВО СОБРАНИЕТО И ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Собранието на Земјоделско-шумарската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:
1. Андоновски Александар
2. Атанасовски Душко
3. Цековски Киро
4. Ејуповски Селам
5. Гаврилов Славко
6. Гецовски Коле
7. Георгиев Миланчо
8. Јонузи Али
9. Томовски Киро, народни пратеници.

II. Во Собранието и во Управниот одбор на Земјоделско-шумарската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:
1. Атанасовски Душко
2. Томоски Киро, народен пратеник.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 11
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател
на Соборот на производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

**168.**

На основа член 38 став 2 од Законот за здружувањето во стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ ШТО ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ВО СОБРАНИЕТО И ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ТРГОВСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Собранието на Трговската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:
1. Унковски Ванчо
2. Петровски Милан
3. Бужаровски Ристо
4. Ивановски Орде
5. Дуганова Васка
6. Исајловски Јово, народни пратеници.

II Во Собранието и во Управниот одбор на Трговската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:
1. Унковски Ванчо
2. Бужаровски Ристо

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 14
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател
на Соборот на производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

**169.**

На основа член 38 став 2 од Законот за здружувањето на стопанството, Народното собрание на Народна Република Македонија на Третата седница на Соборот на производителите одржана на 6 јуни 1958 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ ШТО ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ВО СОБРАНИЕТО И ВО СОБРАНИЕТО И ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Собранието на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија ќе учествуваат следните претставници на Соборот на производителите на Народното собрание:
1. Василевски Вани
2. Велевски Мишко
3. Војновски Љубе
4. Палашев Благој
5. Перчинков Јосиф
6. Беговски Џавид
7. Кошевски Трајчо
8. Миновски Митре, народни пратеници.

II. Во Собранието и во Управниот одбор на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија ќе учествува како претставник на Соборот на производителите на Народното собрание Палашев Благој.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 12
6 јуни 1958 година
Скопје

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател
на Народното собрание,
**Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател
на Соборот на производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

## 170.

На основа член 3 и 47 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26/54), чл. 6 и 10 од Законот за заштита на добитокот од заразните болести („Сл. весник на НРМ" бр. 9/56), и точка 1а од оддел I на чл. 33 од Уредбата за пренесување на работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26 и 43/56), Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет ја донесува следната

### НАРЕДБА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ДОБИТОЧНИТЕ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 1958 ГОДИНА

I.

По одредбите на оваа Наредба народните одбори на општините и околиите ќе ги организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на овие добиточни заразни болести:

1. Бесот
2. Туберкулоза
3. Бруцелоза
4. Антракс
5. Шушкавец
6. Чума по свињите
7. Црвеница по свињите
8. Краста
9. Чума по птиците
10. Сакагија
11. Заразна кривотница кај овците
12. Ентеротоксемија кај овците
13. Тифус кај домашните птици и белата дрскавица кај пилињата
14. Белодробна стронгилоза кај овците
15. Заразните болести кај пчелите.

II.

**1. Бес**

а) Превентивно инжектирање на кучињата против бесот на целата територија на НРМ ќе се изврши до 15 мај 1958 год.;

б) Кучињата постари од три месеци кои не бидат инжектирани мораат да се уништат;

в) Истовремено со инжектирањето против бесот ќе се врши и дехелментизација на кучињата;

г) Трошоците на превентивното инжектирање и дехелментизацијата се за сметка на сопствениците односно држателите на кучињата.

**2. Туберкулоза**

а) Општа и задолжителна туберкулинизација на говедата ќе се изврши во населбите што ќе ги одреди Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет;

б) Во општонародните и задружните стопанства ќе се изврши туберкулинизација на сите говеда и кокошки најдоцна до 30 јуни 1958 год.;

в) Трошоците за туберкулинизацијата на говедата се за сметка на Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет, а трошоците за туберкулинизација на кокошките се за сметка на соответните општонародни и задружни организации.

**3. Бруцелоза**

а) Во сите општонародни и задружни стопанства ќе се земе крв од сите говеда и свињи за преглед на бруцелоза, најдоцна до 30-VI-1958 год.;

б) Трошоците паѓаат на товар на Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет.

**4. Антракс**

а) Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши двократно инжектирање на добитокот против болеста антракс. Надлежниот околиски ветеринарен инспектор ќе одреди кои места на подрачјето на околијата се сметаат за антраксни дистрикти.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните 5 години не е установен антракс кај добитокот нема да се третираат како дистрикти на антраксот.

Ако земјоделските стопанства се стационерни антраксни дистрикти ќе се изврши двократно инжектирање.

б) Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 31 мај 1958 година а второто 5 месеци по првото инжектирање;

ц) Трошоците на превентивното инжектирање ги сносат народните одбори на општините, а трошоците под б) земјоделските стопанства.

**5. Шушкавец кај говедата**

а) Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот ќе се применуваат и за превентивното инжектирање на говедата против шушкавецот;

б) Трошоците на превентивното инжектирање на говедата против шушкавецот ги сноси народниот одбор на општината, а во земјоделските стопанства самите тие.

**6. Чума по свињите**

а) Општо задолжително двократно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во сите општонародни и задружни стопанства, како и на свињите на територијата на Кумановска и Скопска околија, потоа на територијата на општините: Пробиштип, Св. Николе, Берово, Пехчево, Делчево и Ново Село.

Задолжително двократно инжектирање ќе се изврши и во сите населби во кои е установена чумата по свињите во текот на 1957 година.

Се овластува одделението надлежно за ветеринарство на Штипска околија да може во случај на потреба задолжителното инжектирање на свињи против чумата, да го прошири и на други општини.

Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 30 април 1958 год., а второто пет месеци по првото;

б) Превентивно инжектирање ќе се врши со кристал виолет вакцина.

Ослабени вируси можат да се употребуваат само со специјално одобрување од Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет;

в) Свињите кои се терат на заедничко пасиште или жирење мораат предварително да бидат заштитно инжектирани најмалку на 14 дена пред тргнувањето;

г) Свињите кои се терат или транспортираат од една околија во друга, ако служат за натамошно одгледување или гоење, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат, доколку не се превентивно заштитени;

д) Трошоците на превентивното инжектирање паѓаат на товар на народните одбори на општините. Трошоците на превентивното инжектирање на свињите во општонародните стопанства паѓат на товар на стопанствата, а трошоците за серумирање паѓат на товар на сопствениците односно држателите на свињитѐ.

При појава на чума по свињите, трошоците за серумирање паѓат на товар на народните одбори на општините, а во општонародните стопанства паѓат на товар на стопанствата.

### 7. Црвеница кај свињите

а) Превентивното инжектирање на свињите против црвеницата кај свињите ќе се изврши во краевите што се стационерно или повремено заразени со црвеница кај свињите.

Надлежниот околиски ветеринарен инспектор ќе ги одреди местата што се сметаат за стационерно односно повремено заразени;

б) Трошоците на превентивното инжектирање паѓат на товар на народниот одбор на општината.

### 8. Краста

а) Во подрачјата во кои владееше крастата во текот на минатата година, најдоцна до крајот на април ќе се изврши преглед на добитокот за краста.

До 15 септември 1958 год. ќе се изврши и двократно капење на овците од сите стада во кои беше установена крастата во текот на 1957 година, односно во кои ќе биде таа установена до крајот на август 1958 година;

б) Овците од стадата што одат на летна испаша а во кои имало краста во 1957 год. односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша, задолжително треба да се искапат најмалку еднаш уште дури се на зимните пасишта.

За стадата овци кои подлежат на капење по претходниот став, доколку не бидат искапени, надлежните ветеринарни инспектори не смеат да дадат уверенија за здравственост;

в) Трошоците за капењето на овците паѓаат на товар на народните одбори на општините.

Трошоците за капењето на овците од општонародните стопанства паѓат товар на тие стопанства.

### 9. Чума по птиците

а) Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со мукезар вакцина ќе се изврши во времето од 1 декември 1958 год.;

б) Во случај на појава на чума сите кокошки во незаразените дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените дворови ќе се примени колење и др. ветеринарно-санитарни мерки, сходно постојните прописи;

в) Во општонародните и задружните стопанства што се занимаваат со одгледување на кокошки ќе се изврши задолжително инжектирање на пилињата против чумата;

г) Трошоците за превентивно инжектирање на кокошките паѓат на товар на народниот одбор на општината.

Трошоците за превентивно инжектирање на кокошките и пилињата од општонародните стопанства паѓат на нивни товар.

### 10. Сакагија

а) Во сите населби во кои сакагијата е установена во 1956 год. ќе се изврши еднократна офталмомалеинизација и земање на крв на сиот еднокопитен добиток до крајот на октомври 1958 год.;

Во сите населби во кои сакагијата е установена во текот на 1957 год. ќе се изврши двократна офталмомалеинизација и земање на крв на сиот еднокопитен добиток.

Првата офталмомалеинизација и земање на крв ќе се изврши до крајот на јуни, а втората до крајот на октомври 1958 год.;

б) Во општонародните и задружните стопанства задолжително ќе се изврши офталмомалеинизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток.

Двократна офталмомалеинизација односно земање на крв ќе се изврши во оние општонародни и задружни стопанства во кои сакагијата е установена во последните две години;

в) Шумските и другите работилишта што работат со еднокопитен добиток должни се да преземат мерки ангажираните коњи да бидат прегледани за сакагија. Негативниот резултат ветеринарната станица го забележува на пасошот или на сопственикот на добитокот му издава потврда;

г) Лицата кои стално се предвижуваат со еднокопитен добиток од околија во околија, должни се тие животни да ги подвргнат на преглед за сакагија секој 40 дена. Негативниот резултат ветеринарната станица ќе го забележи на грбот на пасошот или на сопственикот ќе му издаде потврда;

д) Трошоците на офталмомалеинизацијата и земањето на крв паѓат на товар на народниот одбор на општината.

Трошоците за офталмомалеинизацијата и земањето на крв од еднокопитниот добиток на општонародните стопанства, паѓат на товар на тие стопанства, а од еднокопитниот добиток на шумските и другите работилишта на товар на нивните сопственици.

### 11. Заразна кривотница кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на

овците во стадата за кои се утврди да се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразеното стадо.

Трошоците на лекувањето паѓат на товар на народниот одбор на општината, а за овците од општонародните стопанства на соответните стопански организации.

12. **Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата**

Ќи се изврши двократно заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив во подрачјата каде се јавуваат.

Околиските ветеринарни инспектори ќе ги одредат населбите и стопанските организации каде ќе се изврши предното инжектирање.

Трошоците на заштитното инжектирање против ентеротоксемијата кај овците и заразниот пролив кај јагнињата паѓат на товар на народниот одбор на општината.

Трошоците на заштитното инжектирање во општонародните стопанства и задружните организации паѓаат на нивни товар.

13. **Тифус кај домашните птици и бела дрскавица кај пилињата**

Во борбата против тифусот кај домашните птици и белата дрскавица кај пилињата ќе се постапува во се спрема Наредбата за спречување и отстранување на тифусот кај кокошките и белата дрскавица кај пилињата („Службен весник на НРМ" бр. 23/57).

14. **Белодробна стронгилоза**

Лекување на овците против белодробна стронгилоза ќе се врши во населбите и стадата каде таа ќе се појави.

За оваа цел е потребна претходна согласност на околискиот ветеринарен инспектор.

Трошоците на лекувањето паѓаат на товар на сопствениците на овците.

15. **Заразни болести по пчелите**

Ќе се изврши преглед на сите кошници и пчели во општонародните и задружните стопанства, а спрема можностите и во индивидуалните стопанства.

Трошоците за прегледот паѓаат на товар на народниот одбор на општината, а за кошниците од државните стопанства на нивни товар.

III.

Туберкулинизација на говедата и домашни птици, офталмомалеинизација на еднокопитниот добиток, преглед на пчели можат да вршат само ветеринарни лекари.

Сите останати стручни работи од точка II можат да ги вршат и ветеринарните техничари.

Ветеринарните болничари можат да вршат инжектирање на кучиња против бесот и претпазно инжектирање на домашни птици против чумата.

IV.

Во случаите кога за некоја од акциите од глава II на оваа Наредба е потребна претходна согласност на околискиот ветеринарен инспектор, фактурите за тие акции што ги издава ветеринарната станица, пред наплатата, треба задолжително да бидат заверени од околискиот ветеринарен инспектор.

V.

Евиденција за напред изнесените акции се води по установените обрасци.

По 10 дена од свршетокот на секоја од напред набројените акции, ветеринарната станица доставува извештај до околискиот ветеринарен инспектор, а по 20 дена од свршетокот на акцијата околискиот ветеринарен инспектор за своето подрачје доставува сумарен извештај до Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет.

VI.

Поподробни напатствија и инструкции за спроведувањето на оваа Наредба ќе дава Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет.

VII.

Оваа Наредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 470
28 април 1958 година
Скопје

Секретар
за земјоделство на Извршниот совет,
Инж. **Ф. Николовски,** с. р.

---

**171.**

На основа член 18 од Уредбата за контрола на движењето на главните шумски производи („Службен весник на НРМ" бр. 21/56), Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ УРЕДБАТА ЗА КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕТО НА ГЛАВНИТЕ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Шумските производи чие движење се контролира без оглед дали по своето потекло се од шуми во општествена или приватна сопственост, не можат да се изнесуваат од шумите, да се превезуваат или да се пуштаат во движење ако не се жигосани со шумарски жиг (чеканче) и снабдени со уверение за потеклото — контролна белешка, со која се докажува нивното потекло (во понатамошниот текст: контролна белешка).

Член 2

Жигосувањето на пресеченото дрво се врши во шума и тоа:

а) за шуми во општествена сопственост жигосувањето го врши органот на управувањето со шумата;

б) за шуми во приватна и задружна сопственост жигосувањето го врши органот на управата надлежен за работите на шумарството на народниот одбор на општината.

Член 3

Жигосувањето на дрвата се врши:

1) кај техничкото дрво во обла, непреработена состојба на обете челни страни;

2) кај огревното дрво на челната страна најмалку 30% од вкупната количина. По потреба може да се определи и поголем процент на жигосувањето, па дури и 100%, за кое нешто одредува органот којшто го врши жигосувањето и издава контролна белешка.

Член 4

Жигосувањето се врши со службен жиг од тркалезен облик со пречник од 32 мм. Во горната половина од жигот се испишани буквите Ш. С, на средината е бројот на реонот означен со арапски бројки, а на долната страна име на шумското стопанство.

Жигосувањето на дрвата што ги произведуваат шумските стопанства и стопанските организации во сопствена режија, може да се врши и со специјален жиг со ознака на стопанството односно стопанската организација, со тоа што за обликот и содржината ќе треба да се прибави одобрение од органот на управата надлежен за работите на шумарството на народниот одбор на околијата.

Жигосувањето на дрвото, што е по потекло од шуми во општествена сопственост, ќе се врши со зелена боја, а на дрвото по потекло од приватна сопственост со црвена боја.

Жигосувањето на дрвото што го произведуваат шумските стопанства и стопански организации во сопствена режија ќе се врши со црна боја.

Член 5

Со обликот и содржината на жигот со кој се врши жигосувањето на дрвата, управувачите со шумите ќе ги запознаат и другите органи што се овластени за вршење контрола над прометот со дрва на подрачјето на околијата од каде дрвото потекнува, железниците, бродските и другите отпремни станици, соседните околии, како и Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет.

Член 6

Контролните белешки ги издаваат:

а) ревирните шумски стопанства, односно нивните овластени органи за главните шумски производи од шуми под нивна управа, при што се должни да водат евиденција за издадените контролни белешки;

б) органите на управата надлежни за работите на шумарството посебно овластени од надлежниот народен одбор на околијата за главните шумски производи од шумите во општествена и приватна сопственост.

Контролната белешка се издава само на таа количина главни шумски производи што може да се превезе со едно превозно средство (коњ, кола, санка, камион, вагон и слично).

Член 7

Срокот за важноста на контролната белешка го определува издавачот во секој конкретен случај со оглед на времето што е потребно дрвото да се превезе од шумата или складот до определеното место.

Срокот за важноста на контролната белешка не може да се продолжува. Кога срокот ќе истече, а таа не биде искористена, ќе се набави нова контролна белешка.

Контролната белешка важи само за еден превоз со определено превозно средство и релација во определен срок за возење.

Член 8

Обликот на контролната белешка е еднообразен за цела НР Македонија.

Обликот и содржината на контролната белешка е како во образец Ш-3 кој е составен дел од овој Правилник.

Контролната белешка за дрво наменето за домашна употреба ќе се разликува од другата по тоа што ќе имаат една широка дијагонално напречна црта.

Член 9

Лицето што превозува дрва должно е со себе да ја носи контролната белешка и при барање на контролните органи да ја покаже.

Член 10

Набавувачот на дрвата должен е да ја земе контролната белешка од испорачителот и да ја чува додека ги потроши дрвата.

Одредбата од претходниот став не се однесува за дрва што се набавени на јавните складови и продавниците на дрва во градовите.

Член 11

Непосредната контрола на движењето со дрва ја вршат:

а) органите на чуварско-шумарската служба;

б) шумарските инспектори; и

в) органите на управата надлежни за работите на шумарството на народниот одбор на општината.

Член 12

Непосредната контрола над движењето со дрва се врши на сечишта и местата за изработка, на патиштата, во шуми и надвор од нив, на времените и постојаните складови, на железниците, бродските станици, во вагони и други превозни средства, на пилани и други постројки каде дрвото се преработува и искористува како погонско средство, на локалните пазаришта, во дворовите, зградите, како и на други места каде дрвото ќе се најде пред неговата употреба.

Вршењето на контрола во дворови и згради, може да се обавува само на основа одделно решение на органот на управата надлежен за работите на шумарството на народниот одбор на општината.

Член 13

Органите што вршат контрола над движењето на главни шумски производи должни се при прегледот да го запрат превозното средство со кое се превозува дрвото и да му побараат контролна белешка. При тоа ќе се установи исправност на белешката и тоа на прво место дали е уште во важност, дали дрвните материјали што се возат одговараат на посочените во контролната белешка, дали е дрвото на пропишан начин жигосано со жиг и дали дрвото се превезува со превозно средство и за целта што е означена во контролната белешка.

Ако дрвото се испраќа со плаварење прегледот ќе се врши на определени места во кои пренесувачите се должни да го запрат плавеното дрво. Овие места, времето и начинот како се врши контролата ги определува народниот одбор на општината на чија територија се врши плаварење на предлог на шумското стопанство.

Контролата над дрвата што се превозуваат со железница, брод, камион и слично по правило се врши на утоварните и истоварните станици, но по специјален налог и за вонредни случаи може да се врши и на другите железнички, бродски односно камионски станици.

Член 14

Ќе се одземат и ќе се продадат сите дрва за кои што ќе се утврди дека немаат уредни контролни белешки или дека не се уредно жигосани, заедно со нив ќе се одземат и орудијата со кои е извршен прекршокот.

Се смета дека дрвото е без контролна белешка кога товарот не одговара на материјалот што е означен во белешката, ако дрвата се возат со други превозни средства и од онаа што е означена во белешката, ако срокот на белешката е изминат или ако е таа веќе искористена за еден превоз.

Се смета дека дрвото е без жиг ако не е прописно жигосано.

Органот што ги одземал дрвата и орудието со кое е извршен прекршокот должен е да го покани лицето од кого се одземени дрвата да ги превезе и да ги предаде на чување на најблискиот орган на управата надлежен за работите на шумарството на народниот одбор на општината, или друго место каде тоа е можно.

Народниот одбор на општината односно органот на којшто му се предадени дрва и орудија, должен е да издаде реверс на контролниот орган или на друго лице што ги предало дрвата и орудието (по образец Ш-4 кој е составен дел на овој Правилник.

Член 15

Контролниот орган го врши одземањето на дрвата и орудијата и за тоа составува записник на лице место по образец Ш-5, кој треба да биде потпишан од контролниот орган и од лицето од кое дрвата се одземени. Образецот на записникот е составен дел од овој Правилник.

Записникот заедно со реверсот за предавањето на одземените дрва и орудија на чување преку ревирното шумско стопанство ќе му се достават на шумското стопанство ако одземениот материјал потекнува од шуми во негова управа односно на народниот одбор на општината ако се во прашање производи од шуми во приватна сопственост.

Член 16

Одземениот материјал му се предава на најблиското претпријатие за промет со шумски производи или на најблискиот народен одбор на општината со потврда.

Парите добиени со продажбата на одземено дрво, кое е сопственост на сторителот, одат во полза на фондот за унапредување на шумарството, а парите добиени од продажбата на одземенотo дрво кое не е сопственост на сторителот му се предаваат на сопственикот.

При внесувањето на реализираните суми во фондот ќе се одбијат трошоците за постапката, превозот и чувањето доколку го имало.

Член 17

Органот на управата надлежен за работите на шумарството на народниот одбор на општината во согласност со органот на управувањето со шумата за време на колективните сечи можат да определат дрвата за домашна потреба да можат да се извезуваат од шума само во определени денови, а со цел да се обезбеди и олесни контролата над движењето на дрвата.

Член 18

Стопанските организации што се занимаваат со промет со дрва како и откупните станици, складови, пиланите што примат дрво на преработка, складовите за потребите на циглани, големи варници, рудници и други, должни се да го примаат огревното и градежното дрво што произлегува од шума само со прописна контролна белешка која ќе ја чуваат заради контрола. Тие се должни да водат складова книга по образец Ш-6 и кон истата да ги приклучуваат соответните контролни белешки на кои ќе го ставаат својот штембил и ќе го означуваат редниот број на складовата книга по кој дрвото е примено. Образецот на складовата книга е составен дел на овој Правилник.

Член 19

Печатењето на контролните белешки и другите обрасци по овој Правилник за своето подрачје го врши органот на управување со шумата во согласност со народниот одбор на околијата.

Во набавната цена на контролната белешка и другите документи ќе се засметаат и трошоците за нивното печатење.

Шумските стопанства ќе водат попис на сите блокови на контролни белешки и други обрасци и секое издавање ќе го оправдуваат со уреден отчет.

Искористените блокови на контролни белешки ќе се чуваат до првата ревизија, по кое можат да бидат уништени.

Член 20

За жигосување на дрвата што не се во општествена сопственост се плаќа по 15 динари за 1 м$^3$ жигосано технички и 10 динари за просторен метар огревно дрво. Овие суми ги наплатува органот што го врши жигосувањето и за тоа издава признаница по образец Ш-7. Органот што ја извршил наплатата должен е најдоцна за 7 дена да ги предаде собраните пари на надлежното шумско стопанство.

Образецот на признаницата е составен дел од овој Правилник.

Член 21

Органот што врши жигосување треба да настојува при излегувањето заради жигосување да врши жигосување кај поголем број сопственици на шуми.

При превозувањето на одземените дрва и орудија што не го врши самото лице од кое се одземени, ќе му се исплатат на возачот трошоци според дневните цени.

**ШУМСКО СТОПАНСТВО** ..........................

Образец Ш-3

Ревирно шумско стопанство ....................

Серија ....................

# Контролна белешка бр. ..............

На ........................................................................ од с. (гр.) ..........................
за сметка на дозволата (решението) бр. ................ се позволува да пренесе од ....................
до .................... следните шумски производи:

| Ред. број | Број на контролната марка | Вид на производот (сортиманот) | Квалитет | Количина | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | градежно дрво м³ | огревно пр. м. | |
| | | | | | | |

Превозот на материјалот се врши со ..............................................
Важи за време (со букви) .......................................................... 195.... год.
Издадено во (ревир. реон или др.) ................ на ден ........................ 195.... год.

Ревирно шумско стопанство (или реон)

Раководител—шумар: ........................

Формат: 210 × 150

**ШУМСКО СТОПАНСТВО** ..........................

Образец Ш-4

Ревирно шумско стопанство ....................

Серија ....................

# Реверс бр. ..............

На долуозначениот дрвен и друг материјал по пријава бр. ..............................

| Ред. број | Врста на дрвото | Сортиман | Во какво состојание е (сурово или суво) | Број парчиња | Количина | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | м³ | пр. м. |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Друг материјал: ..........................................................................
кој сум го примил по барање на шумарот ..........................................................
на чување до понатамошна наредба од надлежните власти под кривична и материјална одговорност.

Материјалот го предал (се наоѓа) ..........................................................
.................................................... од ..........................................
По кажување на предавателот, материјалот го запленил од ..........................
..........................................................................................
Во ................................, ден .............................. 195.... година.

Предал: Примил:

...................................................... ......................................................

Формат: 210 × 150.

Образец Ш — 5

На основа член 15 од Правилникот за извршување на Уредбата за контрола на движењето на главните шумски производи, се состави следниов

# Записник

На ден .................................... 195.... година се состави овој записник помеѓу контролниот орган ........................................................................ од село ........................................................

општина ....................................................., околија ................................................ од една страна и

(прекршителот) ............................................................. од село ......................................................

општина ..............................................., околија .............................................. од друга страна, а кој

е фатен на место звано ..................................................................................... како бесправно

пренесува (шумски производи) ..................................................................................................

во количина од................................................ (пр. или м$^3$).

Со овој записник се потврдува дека од прекршителот ....................................................

се одземени горните материјали и орудија од страна на контролниот орган..........................

..................................., службеник на шумското стопанство .................................................

или .............................................................................................................. и ќе бидат задржани во конечната пресуда-решение пред надлежниот суд.

Овој записник е составен во три примерка од кои едниот станува кај контролниот орган, другиот кај прекршителот, а третиот оди со пријавата.

Материјалот го предал, Материјалот го примил,

.......................................................... ..........................................................

Образец Ш — 7

Серија ...................

На основа чл. 20 од Правилникот за извршување на Уредбата за контрола на движењето на главните шумски производи ја издава следнава

# Признаница

На.........................................................................................................................................

динари, која сума ја примив од претпријатието, приватникот .................................................

........................................................ од место ................................................... на име извршено жигосување на ...................................................... (пр. м. или м$^3$) по ................. динари (за 1 пр. м. или м$^3$).

Признаницава е составена во три примерка, од кои оргиналот се дава на странката на која жигосувањето е извршено, дупликатот оди до Шумското стопанство за отчетување, а трипликатот останува кај органот што го извршил жигосувањето и ја примил сумата.

.................................... 195 год. Сумата ја примил,

Место ........................................ ..........................................................

Формат: 210 x 150. службеник при..........................

| Реден број | Од кого потекнува контролната белешка | Број и денот на контролн. белешка | Податоци на корисникот | | Един. мера | Сортимент | Залиха | | Внесено во тек. на месец | | Вкупно | | Во тек на месец предадено | | Што останува | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име и презиме | Место | | | огрев. пр. м. | техн. маса $м^3$ | огрев. пр. м. | техн. маса $м^3$ | огрев. пр. м. | техн. маса $м^3$ | огрев. пр. м. | техн. маса $м^3$ | огрев. пр. м. | техн. маса $м^3$ | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Образец Ш - 6 (Складова книга)
Формат: 410 x 290 мм

Член 22

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1424
8 мај 1958 година
Скопје

Секретар
за шумарство на Извршниот совет,
Инж. **Борис Грујоски,** с. р.

**172.**

На основа чл. 47 од Законот за аптеките „(Службен весник на НРМ" бр. 36/56 год.), Советот за народно здравје на НРМ во согласност со Државниот секретаријат за работи на финансиите донесува

## УПАТСТВО ЗА ФИНАНСИСКО МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И ВОДЕЊЕ НА КНИГИТЕ ВО АПТЕКИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Аптеките како здравствени установи со самостојно финансирање своето финансиско работење го вршат врз основа на својата претсметка на приходите и расходите.

Ако аптеката има основана аптекарска станица како свој огранок во таков случај претсметката на приходите и расходите на аптеката ја обавува и претсметката на аптекарската станица и заедно чинат една целина.

Финансирањето на аптеките се врши во склад со општите прописи за финансирање на здравствените установи.

2. Средствата на аптеката се од основни и обртни средства.

Основните средства ги доделува основачот или тие се набавуваат од средствата на фондовите на аптеката.

Обртните средства главно се формираат од кредитот добиен од Народната банка на ФНРЈ (Комуналната банка) на основа постојните прописи за кредитирање.

Отуѓување на основните средства може да се врши само во согласност со надлежниот народен одбор кој што ја основал аптеката или дал согласност за основање на аптеката.

Во колку по налог на надлежниот народен одбор се врши отстапување на основните средства, а кои не се купени од фондовите на аптеката, на основа на решението за отстапување ќе се смали вкупната вредност на постојните основни средства со вредност на отстапените основни средства.

Ако се отстапувањето врши со надоместување, тогаш примената сума се уплатува во полза на амортизациониот фонд на аптеката.

### II. ПРЕСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

3. Аптеките имаат самостојна претсметка на приходите и расходите.

Приходите и расходите во претсметката се предвидуваат и приходите и расходите се урамнотежуваат во бруто износ.

Расходите во претсметката се утврдуваат на основа на стварните потреби во годината за која се составува претсметка.

Претсметката на приходите и расходите на аптеката ја донесува управниот одбор.

Претсметката на приходите и расходите на аптеката чинат составен дел од буџетот на надлежниот народен одбор, како посебен прилог и се одобрува заедно со буџетот.

4. Наредбодател за извршување на претсметката на приходите и расходите е управникот на аптеката.

Сметководител е шефот на сметководството кој што го води финансиското работење на аптеката.

Сметководителот ги има следните должности:

а) ја составува со управникот на аптеката претсметката на приходите и расходите во духот на постојните прописи.

б) ја води евиденцијата за извршувањето на приходите и расходите за текуштите сметки и за депозитите,

в) ја организира и раководи со евиденцијата за состојбата и уредноста на имовината,

г) составува периодични извештаи и годишна завршна сметка за остварените приходи и извршените расходи,

д) се грижи за примената на сите прописи во врска со финансиското работење на аптеката.

За својата работа одговорен е пред управникот на аптеката.

5. Трошењето на средствата предвидени во претсметката се врши спрема намената одредена во претсметката.

Ако потребите неопходно бараат, управниот одбор на аптеката, може по пат на вирман да врши измена во намената и висината на средствата предвидени во претсметката.

Личните расходи не можат да се зголемат по пат на вирман за сметка на материјалните и функционалните расходи.

6. Ако во текот на годината се покаже дека претсметката не е реално поставена и се одразува на правилното нејзино извршување управниот одбор е должен да изврши зголемување, односно смалување на претсметката во склад со стварните потреби на аптеката и да бара согласност од надлежниот народен одбор.

7. Приходите во претсметката на аптеката се утврдуваат по следната структура:

А. Приходи од основните дејности
Б. Приходи од споредни дејности
В. Останати и непредвидени приходи.

А. Приходи од основна дејност се:

а) од разликата помеѓу набавната и продажната цена,

б) од работна такса,

в) од разликата по лабораторискиот дневник,

г) надокнада за експедиција на лековите,

д) надокнада за лабораториски услуги,

ѓ) дотации за покривање на расходите.

Б. Приходи од споредни дејности се:

а) приходи од продажба на расходована амбалажа и материјали.

Овде спаѓаат и евентуални приходи од кирија, огрев, осветление, вода и услуги дадени на поедини лица кирајџии или други установи и надлештва, пенали, казни и слично.

В. Во останатите непредвидени приходи спаѓаат повремени приходи и тоа:

а) приходи од отпадоци (продажба на расход)
б) останати приходи.

8. Висината на приходите во претсметката на аптеката се утврдува на основа на прометот и се состои:

а) од продажба на лекови и санитетски материјали на кои им се одредени цените во ценовникот на лековите (такса медикаменториум),
б) од продажба на лекови и санитетски материјали за кои не се пропишани цени,
в) од надокнада за изработка на лекови (работни такси),
г) од разликата во вредности на потрошените материјали во однос на вкупната вредност од продажната цена на добиениот производ (разлика по лабораторен дневник),
д) од разлика во цените од материјалот за пакување и лекови издадени во шише (надокнади за експедиција на лекови во течност),
ѓ) од надокнада за анализи биохемиски, броматалошки и токсиколошки анализи) надокнада за лабораториски услуги).

9. Цените за приходите по точките а, в, г и д се пропишани со ценовникот за лекови (такса медикаменториум).

Цените за приходите под б и д ги определува управниот одбор на седница.

За услугите под ѓ аптеките составуваат посебна претсметка во рамките на својата редовна претсметка. На основа трошоците за овие услуги, се утврдува висината на цените на поедини лабораториски услуги.

10. Претсметката на расходите на аптеката се утврдува со структурата на трошоците кои се состојат од следните елементи:

А. Плати на персоналот
Б. Набавка на лекови и санитетски материјали
В. Трошоци за режија
Г. Амортизација.

**А. Плати на персоналот**

Платите на персоналот содржат вкупни примања на персоналот запослен во аптеките и тоа: здравствениот, техничко-помошниот, административниот, како и соответниот придонес за социјалното осигурување.

Плати на персоналот опфаќаат:

а) основна плата,
б) положајни додатоци,
в) дополнителни плати,
г) надоместување за дежурство и прекувремена работа,
д) надоместување за неискористен годишен одмор,
ѓ) хонорари,
е) надоместување поради одвоен живот од фамилијата,
ж) придонес за социјално осигурување (придонесот се пресметува според одредениот процент на вкупните приходи на платата на персоналот спрема постојните законски прописи за социјално осигурување),
з) станбен фонд.

**Б. Набавка на лекови и санитетски материјали**

Набавка на лековите и санитетските материјали се трошоци од купување на лекови и санитетски материјали по набавна цена и тоа спрема годишниот промет

**В. Трошоци на режија**

Трошоци на режијата се материјалните издатоци што настануваат во врска со редовното работење на аптеката и тоа:

а) трошоци за редовно одржување на зградата и инвентарот, како и трошоци за ситни оправки,
б) трошоци за редовно одржување на апаратите и инсталацијата од осветлението, водоводот, канализацијата, отопление и апаратура за гасење на пожар и другиот инвентар,
в) трошоци за одржување чистотата на зградата и чистење на оџаците и нужничките јами,
г) трошоци за огрев и вода,
д) трошоци за отпис на ситниот инвентар и амбалажот,
ѓ) канцелариски материјал, обрасци, претплата на службени листови и стручна литература,
е) поштенско-телеграфски и телефонски трошоци,
ж) трошоци за платниот промет (со каматата на кредитот),
з) трошоци за осигурување на имотот,
и) патни, подвозни и селидбени трошоци,
ј) трошоци за превоз на стоката и други материјали,
к) кирија за зградата и друго,
л) трошоци за стручно издигање на кадрите (одржување на курсеви и семинари, набавка учила и друго),
љ) трошоци за анализите и испитување на исправноста на лековите што паѓаат на товар на аптеките, како и трошоците за контролен преглед на персоналот на аптеката,
м) трошоците за амбалажа, материјалот за пакување и сл.,
н) редовен растур, крш и кало, како и расходување на лекови на кои им е рокот за употреба поминат,
њ) членарина и допринос за стручните организации.

**Г. Амортизација**

Амортизацијата се пресметнува по посебните прописи за пресметнување на амортизација.

Од средствата на амортизација се образува амортизационен фонд кој се води на посебна сметка во банката.

Средствата од амортизациониот фонд служат за замена и дополнение на основните средства.

Од овој фонд се врши и набавка на материјали со чија преработка се добиваат основни средства, односно кои се употребуваат за инвестиционо одржување: градежни материјали, платно, конец и слично, како и исплата на услуги за обработка на овој материјал.

Од сметката на амортизациониот фонд Народната банка ќе одобрува исплата само на основа на документите од кои ќе се види дека исплатата се врши за онаа цел за која се наменети средствата од амортизациониот фонд.

За правилната и редовна наплата на остварените средства од амортизација, како и за правилното трошење на овие средства одговорен е наредбодателот и сметкополагачот.

## III. ЗАВРШНА СМЕТКА

11. По истекот на годината за која е одобрена претсметката на приходите и расходите, аптеката составува завршна сметка. Завршната сметка се составува по класификација и структура на трошоците, како е во претсметката на приходите и расходите на аптеката утврдено и извршено.

Кога управниот одбор на аптеката ја усвои завршната сметка, се доставува на надлежниот народен одбор на одобрување во срок од три месеци по истекот на претсметковната година.

Надлежниот народен одбор ако во срок од месец дена од кога му е испратена завршната сметка не ја соопшти својата согласност или своите забелешки на завршната сметка, се смета дека дал согласност на завршната сметка.

Вишокот на приходите над расходите по завршната сметка на аптеката се распоредува спрема одобрениот општествен план на околијата (општината) кој е донесен за таа работна година во фондови на аптеката, со тоа што расподелата во фондот за наградување, вкупниот вишок на приходи ќе се смали за оној износ на вишокот кој потекнува од вишок на стока по инвентаризација, па преосаналиот дел од вкупниот вишок на приходите ќе се расподели во останатите фондови и во буџетот во колку се предвидува уплата во буџет.

Планираниот вишок на расходите предвиден во одобрената претсметка ќе го надокнади надлежниот народен одбор од своите буџетски средства. Не планираниот вишок на расходите може да ги покрие надлежниот народен одбор со дотација од своите средства, воколку нема можност истите да се покријат од резервниот фонд или да се донесе одлука да се пренесе за идната година како долг, како би се од приходите на аптеката покрил.

Во колку и во наредната буџетска година аптеката нема можности да го покрие од сопствените приходи пренесениот вишок на расходи, овој вишок ќе го надокнади надлежниот народен одбор.

Завршната сметка мора да биде составена така да ја прикажува стварната состојба на имотот, како и извршувањето на претсметката на приходите и расходите, односно да овозможи упоредување на висината на предвидените и извршените приходи и расходи во текот на таа година.

Надлежниот народен одбор пропишува Упатство за составување на завршната сметка, нејзиното прегледување и одобрување.

## IV. ФОНДОВИ НА АПТЕКИТЕ

12. Вишокот на приходите над расходите што ќе се покаже врз основа на потврдената завршна сметка на аптеките се распоредува во фондовите на аптеките, доколку со посебни прописи не е одредено средствата на одделни фондови да се образуваат на друг начин. Кој дел од вишокот се внесува во одделните фондови на аптеката одредува управниот одбор на аптеката во согласност со Советот за народно здравје на народниот одбор што ја основал аптеката.

13. Аптеките можат да ги имаат следните фондови:

а) Фонд за наградување на службениците и работниците,

б) Фонд за сопствени инвестиции,

в) Резервен фонд.

Кој процент од вишокот на приходите над расходите ќе се расподели во горните фондови го одредува надлежниог народен одбор со општествениот план.

14. Фондовите на аптеката ја имаат следната намена:

Фондот за наградување служи за наградување на службениците и работниците за успешното работење во аптеката.

Од средствата одредени во фондот за наградување 80% се доделуваат на службениците и работниците и тоа процентуално спрема нивните основни плати, а разликата се доделува во вид на награди на персоналот во аптеката спрема залагањата, одговорноста, тежината на работата и слично.

Висината на наградата на поедини работници и службеници ја определува управниот одбор на аптеката на предлог од управникот и синдикалната подружница, кога ќе биде усвоена завршната сметка на аптеката.

Инвестициониот фонд служи за помали инвестиции, за инвестициони одржувања и дополнувања на основните средства.

Резервниот фонд служи за покривање на евентуални вишкови на расходите, подобрување на квалитетот и условите за работа и издатоци кои се однесуваат за унапредување на струката.

Одлука за користење на средствата од фондовите донесува управниот одбор на предлог на управникот на аптеката.

15. Средствата на фондовите на аптеката не се гасат со истекот на годината.

16. Надлежниот народен одбор при разгледување и одобрување на завршната сметка на аптеката кога е работната година завршена со вишок на расходите над приходите, може да одлучи да се на истата покрај дотација за покривање на вишоците на расходите доделат извесни суми од фондовите предвидени во точка 13 од ова Упатство доколку смета дека оваков финансиски ефект настанал од објективни причини (оддалеченост од сообраќајните врски, ненаселеност на крајот и сл.).

17. Во колку надлежниот народен одбор установи дека аптеката во поедини свои фондови има доволно средства и дека нема потреба од понатамошно одделување во тие фондови, може да одреди понатаму да не се распоредуваат средства во нив се додека не настане потреба за поново внесување.

Народните одбори на околиите можат да образуваат фонд за унапредување и проширување на аптеките од подрачјето на околијата (околиски фонд за унапредување на аптеките).

Средствата на околискиот фонд за унапредување на аптеките се образува од вишокот на приходите над расходите на аптеките од подрачјето на околијата. Во фондот за унапредување на аптеките може да се внесе најмногу до 20% од вишокот на приходите над расходите на аптеката.

Процентот на делот од вишокот што се внесува во фондот го одредува народниот одбор на околијата.

## V. КРЕДИТИРАЊЕ НА АПТЕКИТЕ

18. За да го обезбедат своето редовно работење аптеките можат да користат кредит при Народната банка на ФНРЈ (Комуналната банка) во смисла на одлуката на Сојузниот извршен совет за давање кредити, како дополнителни обртни средства на аптеките и здравствените установи („Службен лист на ФНРЈ" број 32/54) и други постоеќи прописи.

Аптеките имаат при Народната банка своја (жири) текушта сметка. На оваа сметка аптеката — задолжително ги внесува сите остварени приходи и преку неа врши исплата на своите расходи, освен оние кои по прописите што постојат може да ги плаќа во готово.

Аптеката на посебна сметка ја води евиденцијата за висината на одобрениот кредит.

Покрај редовната текушта сметка аптеките имаат одделна текушта сметка за уплата на амортизацијата, како и сметка за уплата на средствата од основните фондови.

Со средствата на својата текушта сметка аптеката располага самостојно, водејќи при тоа сметка за нивната намена.

Аптеките можат по потреба да користат и термински кредит.

## VI. ВОДЕЊЕ КНИГИ НА АПТЕКИТЕ

19. Аптеката е должна да ги има следните стручни и финансови книги:

1. Книга за продажба на лекови по рецепти и во готово
2. Касов дневник
3. Лабораториски дневник
4. Книга наркотика
5. Инвентарна книга
6. Инспекциска книга
7. Книга за извршени анализи на галенски препарати и други лекови
8. Книга за растур и кало и други книги и обрасци за правилно одвивање на стручната работа
9. Книги за должници и поверители како и други книги и обрасци потребни за правилно одвивање на финансиското работење.

Приложените обрасци се составен дел на ова Упатство.

20. Аптеките го водат книговодството по пропишан контен план од страна на Државниот секретаријат за работи на финансиите.

21. Надлежниот народен одбор пропишува потребна аналитичка евиденција со која се опфанати специфичностите во работењето на аптеките.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

22. Средствата за инвестициона изградба и проширување на капацитетот ги обезбедува надлежниот народен одбор. Во случај на потреба како дополнение можат да се користат за оваа цел и расположивите средства од инвестициониот фонд на аптеката.

Со цел за подобрување на квалитетот на работата во аптеката, надлежниот народен одбор може од своите финансиски средства да врши замена и дополнение на основните средства на аптеката.

Вишокот на основните средства или недоволно искористените основни средства надлежниот народен одбор може да ги пренесе на друга здравствена установа. Во колку се овие средства набавени од фондовите на аптеката, овој пренос ќе се изврши со накнада на неотпишаниот дел на вредноста.

23. Контрола на исправноста на финансиското работење врши надлежниот народен одбор.

Оваа контрола мора да се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба може да се изврши и вонреден преглед повеќе пати во текот на годината.

Со контролата мора да биде опфанато целокупното финансиско работење на аптеките, а нарочно:

а) правилното извршување на претсметката на приходите и расходите,

б) трошење на средствата од фондовите спрема нивната намена,

в) правилното користење на висината на одобрениот кредит од банката,

г) благајничко работење,

д) правилното ракување со поверениот имот,

ѓ) документација, уредност и ажурност на книговодството,

е) благовремената уплата на средствата на фондовите и обврските спрема буџетот,

ж) правилната примена на сите постојни прописи коишто го регулисуваат финансиското работење во аптеката.

24. Со парична казна од 1000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во аптеката:

а) ако аптеката образува фондови противно на одредбите на ова Упатство,

б) ако од остварениот вишок на приходите според одобрената завршна сметка, внесе поголем износ во фондовите,

в) ако врши уплата во фондовите и ги користи средствата од фондовите пред да е добиена согласност на завршната сметка, односно пред истекот на законскиот срок за одобрување на истата,

г) ако троши средства од фондовите противно на нивната намена,

д) ако во определениот срок не изработи завршна сметка,

## 1. Книга за продажба на лекови по рецепти и во готово

| Ред. број на Rp | Име и презиме на лекарот | Рецептот е од | | СОСТАВ НА РЕЦЕПТОТ | Маг. | | Раб. | | Амб. | | Спец. | | Зав. | | Вкупно | | Име и презиме на болниот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | здр. уст. | прив. орд. | | Дин. | п | Дин. | п | Дин. | п | Дин. | п | Дин. | п | Дин. | п | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 2. Касов дневник

| Ред. бр. на блокчето | Количина | НАИМЕНОВАНИЕ | Маг. | | Раб. | | Амб. | | Спец. | | Зав. | | Заокру-жување | Вкупно | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | дин. | п | дин. | п | дин. | п | дин. | п | дин. | п | п | дин. | п | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

# 3. Лабораториски дневник

| Реден број | Дата на изработувањето | ИЗГОТВЕН ПРЕПАРАТ — — СОСТАВНИ ДЕЛОВИ | Количина: Изработено грама | Количина: Поарчено грама | Цена на изработениот препарат | Вредност на поарчениот материјал | Разлика + дин. | Разлика — дин. | Изработил |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |

# 4. Книга наркотика

(Име на наркотичниот лек ..................................................

| Ден на примањето | ОД КОГО Е НАБАВЕНО | Количина во грамови или парч. | Ден на издавањето | Поарчено за рецепти и за галенски препарати | Количина во грамови или парч. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | Пренос: | | | Пренос: | |

ѓ) ако користи обртни средства за инвестициони цели и од редовната текуќта сметка врши исплата на расходи што паѓаат на товар на фондовите.

25. Расходување на основните средства и ситниот инвентар го врши управниот одбор непосредно ако вредноста на поединиот инвентар не преjдува 10.000 динари, а преку оваа сума во согласност со надлежниот народен одбор.

Расходување на лекови и други материјали со определен срок на траење, или да било од кои причини се расипале и станале неупотребиви, како средство за лекување, врши управниот одбор.

Постапка за расходување на лекови и друг инвентар се спроведува најмалку еднаш годишно.

26. Одредбите од ова Упатство се применуваат и на аптекарските станици како самостојни установи.

27. На аптеките како здравствени установи со самостојно финансирање не се применуваат одредбите од Основната уредба за установи со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ" број 51/53).

28. Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 2611
14 септември 1957 година
Скопје

Претседател
на Советот за народно здравје на НРМ,
**Даре Џамбаз,** с. р.

Согласен
Државен секретар за работи на финансиите,
**Мориц Романо,** с. р.

# Огласен дел

## Промени на имиња

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-10079/1 од 17-V-1958 год. ја одобри промената на личното име на Велев Панто, роден на ден 3-VI-1927 год. во с. Драчево — Скопска околија, од татко Велев Васил и мајка Јона, така да во иднина личното име ќе му гласи **Јаневски Панче.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (88)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—9933/1 од 17 мај 1958 година ја одобри промената на личното име на Нешовски Јован, роден на ден 27 јуни 1935 година во с. Сушица, Скопска околија, од татко Нешовски Богоја и мајка Ангелина, така да во иднина личното име ќе му гласи **Неделковски Иван.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (89)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—8637/1 од 17 мај 1958 година ја одобри промената на личното име на Секуловска Даница, родена на ден 9 септември 1923 година во село Житињани, Охридска околија, од татко Секуловски Секула и мајка Благуна, така да во иднина личното име ќе и' гласи **Велкова Тоница.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (90)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—10078/1 од 17 мај 1958 година ја одобри промената на фамилијарното име на Петров Тодор, роден на ден 11 јуни 1932 година во село Серменли, Титоввелешка околија, од татко Петров Јован и мајка Дона, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Веновски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (91)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—3476/2 од 19 април 1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Црвенковски Никола, роден през 1934 год. во с. Ранци, Кајларска околија, од родители: татко Црвенковски Петре и мајка Хараклија, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Андоновски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (93)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—9941 од 17 мај 1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Трајановски Никола, роден на 3-XII-1932 год. во с. Р'жаново, Охридска околија, од татко Петре и мајка Неда, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Петрески.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (96)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—10522/1 од 17 мај 1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Бојковски Георги, од с. Лера, Битолска околија, роден на ден 19-III-1919 год. во с. Лера, Битолска околија, од татко Крсте и мајка Ристана, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Тасевски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ." (100)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—11588/1 од 2 јуни 1958 год. ја одобри промената на роденото име на Петрушевски Драган, роден на ден 3 јуни 1927 год. во град Скопје, од татко Петрушевски Коле и мајка Ката, така да во иднина роденото име ќе му гласи **Ганчо.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ." (101)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 11589/1 од 2 јуни 1958 година ја одобри промената на фамилијарното име на Димитриевски Александар, роден на ден 6 јули 1924 година во Гостивар, Тетовска околија, од татко Ди-

митриевски Мино и мајка Илинка, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Минозевски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (102)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—10390 од 17-V-1958 година ја одобри промената на фамилијарното име на Ангеловска Злата, родена на 17-VIII-1937 год. во с. Вишни — Охридска околија, од татко Јован и мајка Петра, така да во иднина фамилијарното име ќе й гласи **Николовска.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (103)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—5083/2 од 5-VI-1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Исакоски Костадин, од Прилеп, роден на ден 19-II-1933 год. во Прилеп, од родители: татко Никола и мајка Марија, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Савоски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (104)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—11591/1 од 2-VI-1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Станојков Добривоје, роден на ден 28-V-1935 год. во с. Мало Црнилиште, Штипска околија, од татко Станојков Тоде и мајка Зора, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи Лазаров.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (105)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—11590/1 од 2-VI-1958 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Ристовски Круме, роден на ден 9-I-1918 год. во град Скопје, од татко Ристовски Стојан и мајка Ана, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Николовски.**

Промената на фамилијарното име се протегнува и на малолетните му деца: Зора, родена на 16-II-1943 год.; Лилјана, родена на 24-X-1944 год.; Нада, родена на 24-VI-1949 год.; и Киро, роден на 8-IV-1953 год., сите родени во град Скопје.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (106)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12—10725/1-1958 год. ја одобри промената на роденото име на Мановски Страхил, роден на ден 18-XI-1928 год. во с. Ветерско, Титоввелешка околија, од татко Манов Трајко и мајка Мита, така да во иднина роденото име ќе му гласи **Петре**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (107)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи од НРМ, со решението бр. 12—11587/1 од 2-VI-1958 год. ја одобри промената на личното име на Јанковски Витомир, роден на ден 22-IV-1932 год. во с. Студена Бара, Кумановска околија од татко Јанковски Јордан и мајка Божа, така да во иднина личното име ќе му гласи **Марковски Видоје.**

Промената на фамилијарното име се протегнува и на малолетната му ќерка Јанковска Верица, родена на ден 2-VII-1956 год. во град Скопје.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (108)

---

## ЛИКВИДАЦИИ

Со решението бр. 6664 од 30-V-1958 год. на НО на општината Битола Трговското претпријатие „Пелагонија" во Битола е ставено во ликвидација и е назначена ликвидациона управа.

Согласно член 17 и 22 од Уредбата за престанок на претпријатијата и дуќаните, се покануваат сите доверители и должници во срок од 30 дена од објавувањето на огласот да ги пријават своите побарувања, односно да ги исплатат своите долгови.

Од Ликвидационата комисија (754)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 13, на страна 29 е запишано следното: согласно со решението на НО на општината Неготино бр. 8855 од 8-X-1956 год. Бирото за книговодство во Неготино престанува со своето работење и е ставено во редовна ликвидација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 448/57. (937)

---

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Д-р Александар Копанданов, лекар-специјалист во Специјалната болница за ТБЦ — Штип, поднесе тужба за развод на бракот против тужената Георгица Друмева Копанданова, со непознато боравиште.

Се повикува тужената Георгица Друмева Копанданова, во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да ја соопшти на судот својата точна адреса или се јави лично. Во противен случај ќе й биде определен привремен старател, кој на расправата ќе ја застапува на нејзини разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, Г. бр. 164/58. (97)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Васка Николова, од Битола, ул. „Јорго Османо" бр. 42, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Николовски Никола, од Битола, сега во неизвесност и со непозната адреса.

Се поканува тужениот Николовски Никола, во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави на судот или одреди свој застапник. Во противен случај ќе му биде одреден застапник по званична должност.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 230/58. (94)

Себахат Решат Ибраим, од Охрид, ул. „7 ноември" бр. 188, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Рамадан Ариф Осман, од Битола, а сега во неизвесност и со непозната адреса.

Се поканува тужениот Рамадан Ариф Осман, во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави или одреди свој застапник. Во противен случај ќе му биде одреден застапник по званична должност.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 224/58. (98)

## ОКОЛИСКИ СУД ВО ДЕЛЧЕВО

Околискиот суд во Делчево објавува дека се води постапка по оставината на пок. Витанов Георгиев Спиро, бивш од с. Илиово, општина Делчево

На основа чл 219 од Законот за наследување, се поканува наследничката Јанинка Иванова Велкова, што полага право на наследен дел од оставината на покојниот Спиро, да се јави во овој суд и даде наследничка изјава во срок од една година по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ". Во спротивно, а по истекот на срокот, на отсатната Јанинка судот ќе и постави старател, па на основа изјавата од него и другите сведенија со кои располага судот, ќе се расправи оставината.

Од Околискиот суд во Делчево, О. бр. 20/56. (95)

## ОКОЛИСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

При овој суд се води постапка за прогласување за неважен бариран чек за потрошачки кредит бр. 974033 на износ од 10.000 динари, издаден од Комуналната банка — Неготино на лицето Трајко Панов Настов, поштенски службеник од Неготино.

Се поканува притежателот на наведениот чек, да го претстави чекот на овој суд или за него јави во срок од 60 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противен случај по истекот на горниот срок чекот ќе биде огласен за неважен.

Од Околисикот суд во Кавадарци, Р. бр. 670/58. (92)

# РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 90, на страна 325 е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Балкан", со седиште во с. Барово — Титоввелешко. Предмет на работењето на задругата е: откуп и продажба на селскостопански производи во реонот на селото; дотур на вештачки ѓубриња, машини, алати, семиња, препарати и стока за широка потрошувачка во селото, како и нивна продажба преку својата задружна продавница; укажување машински услуги на земјоделците; отворање посебни погони за производство и преработка на селскостопански производи (полоделство, лозарство, сточарство и други гранки); производство, откуп и продажба на градежен материјал и огревно дрво.

Задругата е основана согласно со одобрението на НО на општината Неготино бр. 6410 од 23-VIII-1957 год.

За членови на управниот одбор на задругата се избрани следните лица: Најдо Соколов, Диме Костов, Димо Митрев, Ангел Костадинов и Гано Мирков. Задругата ќе ја потпишуваат и застапуваат Најдо Соколов, Трајко Лазаров и Ангел Костадинов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 614/57. (1246)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 101, на страна 461 е запишана задругата под назив: Задруга за пчеларство „Шар", со седиште во Тетово. Предмет на работењето на задругата е: организирање пчеларско производство, вршење услуги на задругарите во одгледување на пчели, вршење промет со инвестициони и репродукциони материјали потребни за пчеларството, вршење откуп и продажба на производи од пчели и други работи во врска со пчеларството и неговите производи.

Задругата е основана согласно со одобрението на НО на општината — Тетово бр. 10700 од 30-V-1957 год.

За членови на управниот одбор на задругата се избрани следните лица: Живко Топузовски, Васил Томовски, Јошко Момировски, Никола Тодоровски, Саво Стојковиќ, Цветан Србиновски и Благоја Златановски. Задругата ќе ја потпишуваат и застапуваат Јошко Момировски, Саво Стојковиќ и Панче Димитриевски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 479/57. (1247)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 161, на страна 421 е запишана под фирма: Претпријатие за промет со отпадоци „Отпад" — Гевгелија — Откупна станица во Стари Дојран. Предмет на работењето на станицата е: откуп на текстилни, јутени и гумени отпадоци, разно употребиво железо и терце материјали, стари запчаници и делови и други работи и слични материјали.

Станицата е основана согласно со одобрението на НО на општината — Стари Дојран бр. 955/55 од 26-X-1957 год.

Откупната станица ќе ја потпишува раководителот Мито Матков.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 673/57 (1259)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 196, на страна 523 е запишана под фирма: Конфекциона фабрика „Македонија" — Скопје — Продавница во Куманово. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сите видови машки, женски и детски алишта (капути и друга облека, сите видови капи, шешири, кошули, женски и детски фустани, детски блузи, машки гаќи, вентијаги, шубари, стражарски ракавици од крзно, чаршави, гарнитури за маси) и други домашни потреби.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината — Куманово бр. 12281/1957 год.

Продавницата ќе ја потпишува раководителот Методи Давидов Спасовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 397/57. (1261)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 194, на страна 569 е запишано под фирма: Услужно транспортно претпријатие за превоз на стоки и патници „Пролетер", со седиште во Крива Паланка. Предмет на работењето на претпријатието е: врши транспортна дејност — превоз на разна стока, патници и шпедитерска работа во градот и на железничката станица во град Куманово, откупува пристигнати стоки за Крива Паланка, исто така врши разни транспортни услуги на територијата на ФНРЈ.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Гоговски Николов Венцо.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 636/57. (1267)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 319, на страна 833 е запишана под фирма: Претпријатие за откуп и промет со житарици, ориз и грав „Жито-фонд" — Скопје — Продавница во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало житарици, млевни производи, ориз и грав.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Кале" — Скопје бр. 1279 од 18-X-1957 год.

За раководител на продавницата е назначен Синадин Спасеновски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 657/57. (1270)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 51 е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со нафта и нафтени деривати „Југопетрол" — Скопје — Продавница во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: трговија на мало со нафтени деривати, мазива, уља и масти.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Идадија" — Скопје бр. 9867 од 21-V-1957 год.

Продавницата ќе ја потпишува раководителот Жиковски Доксимов Јосиф.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 380/57. (1271)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 196, на страна 523 е запишана под фирма: Конфекциона фабрика „Македонија" — Скопје — Продавница во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на производите од фабриката.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 9835 од 5-VI-1957 год.

Продавницата ќе ја потпишува раководителот Трајче Поповски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 603/57. (1272)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 80, на страна 233 е запишана под фирма: Претпријатие за производство на леб и други печива „Клас" — Скопје — Продавница на ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" бр. 37 — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: произведува и продава леб и други печива.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 12183 од 25-IX-1957 год.

За раководител на продавницата и назначен Передевски Иван.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 667/57. (1276)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 347, на страна 919 е запишана под фирма: Угостителско претпријатие „Љуботен" — Скопје — Продавница „Гурман" во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: произведување и продажба на ќебапчиња и шкембиќи.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Кале" — Скопје бр. 2175 од 5-IV-1957 година.

За раководител на продавницата е назначена Васка Попова.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 550/57. (1274)

---

# *КОНКУРСИ*

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНДУСТРИЈА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ**

распишува

**КОНКУРС**

**за пополнување работното место ИНСПЕКТОР по парни котли**

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови: завршен Технички факултет — машински отсек и 5 години практика во погон и одржување на парни котли со положен државен испит, или завршена техничка школа — машински отсек и 10 години практика во погон и одржување на парни котли со положен државен испит.

Основна и положајна плата по Законот за јавните службеници.

Молбите ќе се примаат најдоцна до 15. VII. 1958 година.

**Од Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет** (851)

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНАТА КРУШЕВО**

распишува

**КОНКУРС**

**за РЕФЕРЕНТ по план и евиденција во Отсекот за стопанство и комунални работи**

Услови: завршен економски техникум и 3 години практика.

Принадлежности по Законот за јавните службеници.

Срок за поднесување на молбите и документите по чл. 31 од Законот за јавните службеници е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

**Од Конкурсната комисија на НО Крушево** (854)

---

**КОМИСИЈАТА ЗА СЛУЖБЕНИЧКИ РАБОТИ НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНАТА ВРАПЧИШТЕ — ТЕТОВСКО**

распишува

**КОНКУРС**

**за следните работни места:**

1. **Секретар на Народниот одбор**

Услови: завршен Правен факултет и положен стручен испит.

2. **Судија за прекршоци**

Услови: завршен Правен факултет или виша школа на Сојузниот државен секретаријат за внатрешни работи.

3. **Шеф на Отсекот за стопанство**

Услови: завршен Економски факултет или виша школа и положен стручен испит.

4 **Шеф на Управата за приходи**

Услови: средна економска школа и положен стручен испит.

5. **Референт за комунални работи**

Услови: средна техничка школа и положен стручен испит.

6. **Шеф на Отсекот за општа управа**

Услови: средна школа, положен стручен испит и 3 години практика во управната струка.

Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна по Одлуката на Народниот одбор.

Молбите, со потребни документи, се примаат во Народниот одбор во срок од 20 дена по објавувањето на конкурсот. (849)

---

**СОДРЖИНА**

Страна


156. Резолуција за извештајот на Извршниот совет за работата во 1957 година — — — 321
157. Одлука за потврдување на Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет — — — — — — — — 321
158. Одлука за избор на судија на Врховниот суд на Народна Република Македонија — 321
159. Одлука за одредување бројот на претставниците на Народното собрание, Извршниот совет и општествените и другите организации и установи во Собранието и во Управниот одбор на Угостителската комора на Народна Република Македонија 322
160. Одлука за одредување бројот на претставниците на Народното собрание, Извршниот совет и општествените и другите организации и установи во Собранието и во Управниот одбор на Земјоделско-шумарската комора на Народна Република Македонија 322
161. Одлука за одредување бројот на претставниците на Народното собрание, Извршниот совет и општествените и другите организации и установи во Собранието и во Управниот одбор на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија — — 322
162. Одлука за одредување бројот на претставниците на Народното собрание, Извршниот совет и општествените и другите организации и установи во Собранието и во Управниот одбор на Трговската комора на Народна Република Македонија — — 323
163. Одлука за разрешување и избирање член на Советот на Адвокатската комора во Скопје — — — — — — — — — 323
164. Одлука за разрешување и избирање член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје — — — — — — — 324
165. Одлука за разрешување и избирање член на Факултетскиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет на Универзитетот во Скопје — — — — — — — — 324
166. Одлука за одредување претставниците на Соборот на производителите на Народното собрание што ќе учествуваат во Собранието и во Собранието и во Управниот одбор на Угостителската комора на Народна Република Македонија — — — 324
167. Одлука за одредување претставниците на Соборот на производителите на Народното собрание што ќе учествуваат во Собранието и во Собранието и во Управниот одбор на Земјоделско-шумарската комора на Народна Република Македонија — — 325
168. Одлука за одредување претставниците на Соборот на производителите на Народното собрание што ќе учествуваат во Собранието и во Собранието и во Управниот одбор на Трговската комора на Народна Република Македонија — — — — — 325
169. Одлука за одредување претставниците на Соборот на производителите на Народното собрание што ќе учествуваат во Собранието и во Собранието и во Управниот одбор на Занаетчиската комора на Народна Република Македонија — — — 325
170. Наредба за организацијата и спроведувањето мерките за спречување на добиточните заразни болести во 1958 година — 326
171. Правилник за извршување Уредбата за контрола на движењето на главните шумски производи — — — — — — — 328
172. Упатство за финансиско материјалното работење и водење на книгите во аптеките 334


Издавач: „Службен весник на Народна Република Македонија" — новинско-издавачко претпријатие — Скопје, ул. „29 ноември". Одговорен уредник П. Јаневски. Пош. фах 51. Тел. 19-86. Жиро сметка при Народната банка — Скопје, бр. 802-11/1-698. Печатница „Гоце Делчев" II (3238) — Скопје.